Незваничен, консолидиран/пречистен текст

# ЗАКОН ЗА ВОДОСТОПАНСТВАТА

**„Сл. весник на Р Македонија“ бр.85/03, 95/05, 103/08, 1/12 и 95/12**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат: основањето, организирањето, работењето, финансирањето, контролата и престанокот на работењето на водостопанствата.

**Член 2**

Целите на овој закон се:
-обезбедување на економично стопанисување, користење, функционирање и одржување на хидросистемите, системите за наводнување и системите за одводнување (во натамошниот текст: системи), преку водостопанствата како автономни јавно правни субјекти;
-дефинирање на обемот на услугите кои водостопанствата ги даваат на корисниците на вода;
-уредување на условите за пренесување на правото на користење на системите и објектите на водостопанствата и
-воспоставување на услови за нормално и успешно работење на водостопанствата и користење на нивните услуги од корисниците на вода.

**Член 3**

Поимите употребени во овој закон, го имаат следново значење:
"Водостопанството" е правен субјект суи генерис, што е основано, работи и престанува да работи според одредбите на овој закон;
"Подрачје на дејствување" е определено географско подрачје во чии граници водостопанството ја врши својата дејност;
"Хидросистем" е целина од хидротехнички објекти со кои се уредува режимот на користењето на водите, што опфаќа една или повеќе брани со акумулации и/или зафати, канали за доведување и/или/ одведување на вода, вклучувајќи ги распределителните градби, прегради, преливи, пропусти, заштитни насипи, пумпни станици, и придружна инфраструктура - патишта, згради, и земјиштето под и во непосредна близина на хидротехничките објекти во обем потребен за користење и одржување на објектите;
"Систем за наводнување" е целина од хидротехнички објекти со кои се зафаќа и доведува вода за наводнување на земјоделско и друго

земјиште, што особено опфаќа зафати, пумпни станици и канали со придружна инфраструктура - патишта, згради, и земјиштето под и во непосредна близина на хидротехничките објекти во обем потребен за користење и одржување на објектите;
"Систем за одводнување" е целина од хидротехнички објекти со кои се врши заштита и одводнување на земјоделско и друго земјиште, патишта и урбанизирани зони, што особено опфаќа, заштитни насипи, канали и пумпни станици со придружна инфраструктура - патишта, згради и земјиштето под и во непосредна близина на хидротехничките објекти во обем потребен за користење и одржување на објектите;
"Водна заедница" е правен субјект суи генерис, основана во согласност со Законот за водните заедници;
"Комунално претпријатие за водоснабдување" е јавно правно лице по Законот за локалната самоуправа или секое друго лице или претпријатие, кое има законско право да работи со систем за водоснабдување на град, село или населено место за дистрибуција на вода за консумирање од страна на човекот (вода за пиење и други потреби) и технолошки потреби;
"Точка на снабдување со вода", значи место на главниот канал, објект или цевка од каде водостопанството обезбедува и испорачува определена количина на вода или протек, од кој корисникот на вода може да црпи или да зафати вода за сопствени потреби;
"Постојно водостопанско претпријатие" е постојно водостопанско претпријатие, друго правно лице или дел од претпријатие што врши водостопанска дејност, како и јавните претпријатија од областа на водостопанството кои се основани со одлуки на Владата на Република Македонија и
„Корисник на вода" е физичко или правно лице кое користи услуга за испорака на вода од водостопанството за: наводнување, консумирање од страна на човекот (пиење и други потреби), индустриски и технолошки (стопански) потреби вклучувајќи го и производството на електрична енергија (во натамошниот текст: корисник).

**Член 4**

Дејностите на водостопанството се дејности од јавен интерес.

## II. НАДЛЕЖНОСТ

**Член 5**

Водостопанството е јавно правно лице, кое врши економично стопанисување, користење, функционирање, одржување и контрола на системите во целина, заради:
-снабдување со вода за наводнување;

-снабдување со вода на комунално претпријатие за водоснабдување за консумирање од страна на човекот (вода за пиење и други потреби) и технолошки потреби;
-снабдување со вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби вклучувајќи го и производството на електрична енергија и
-одводнување на земјиште.

**Член 6**

Водостопанството ги снабдува со вода за наводнување:
-водните заедници и
-индивидуалните корисници (физички и правни лица), кои се вон територијата на водната заедница, а имаат можност и потреба од наводнување.

**Член 7**

Водостопанството врши и одводнување за правни и физички лица, сопственици или корисници на земјоделско и друго земјиште, патишта и урбанизирани зони, доколку во рамките на подрачјето на дејствувањето на водостопанството постои и систем за одводнување.

**Член 8**

Ако водостопанството има единствена дејност одводнување и не врши снабдување со вода, истата ја извршува задолжително на подрачјето на дејствувањето, на сите површини и објекти кои припаѓаат во системот за одводнување.

**Член 9**

Водостопанството, во рамките на подрачјето на дејствувањето може да врши снабдување со вода на комунално претпријатие за водоснабдување, на правни лица за индустриски и технолошки (стопански) потреби, вклучувајќи го и производството на електрична енергија, само кога системот тоа го овозможува согласно со проектната – техничка документација.

**Член 10**

Водостопанството може да произведува и продава електрична енергија само во случаите, кога хидроцентралата претставува дел на системот со кој стопанисува водостопанството, а во согласност со дозволата за користење на водата.

**Член 11**

За остварување на своите надлежности, водостопанството во рамките на подрачјето на дејствувањето врши:

-изградба, одржување, реконструкција и рехабилитација на хидротехничките објекти;
-монтирање, демонтирање, одржување, контрола и читање на мерни инструменти - водомери и
-геодетски и други снимања за потребите на системот.

**Член 12**

Со цел да обезбеди ефикасна работа на системот, да заштити или обезбеди сигурност на објектите кои припаѓаат на системот, водостопанството:
-насочува водни тела во акумулацијата или во други објекти на системот;
-гради и одржува објекти за заштита и одбрана од поплави;
-гради и одржува објекти за спречување од ерозија;
-гради и одржува објекти за регулирање на реките и пороите и
-врши други работи во согласност со закон.

**Член 13**

При вршење на својата дејност, водостопанството:
-обезбедува оптимални услуги за корисниците на вода;
-обезбедува подеднаков третман во давањето на услугите на сите корисници на вода;
-пресметува и наплаќа надоместоци за услугите кои ги обезбедува;
-презема мерки за рационално користење на водата, за намалување на загубите на вода на минимум;
-презема мерки за штедење на водата;
-совесно и одговорно управува со своите средства, работејќи со нив на внимателен и трошковно ефикасен начин;
-го одржува и обезбедува ефикасно и одржливо функционирањето и користењето на системот со кој стопанисува и
-ги спроведува прописите од обласата на својата надлежност и општите и поединечните акти што ги донесува.

**Член 14**

Водостопанството, набавките на стоки и услуги потребни за неговото работење ги врши во согласност со прописите за јавни набавки.

**Член 15**

Заради реализирање на работите од членовите 11 и 12 на овој закон, водостопанството може да донесе решение со кое воспоставува времена служБеност врз парцелите опфатени со работите.
Против решението од ставот 1 на овој член, странката има право на жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Жалбата изјавена против решението не го одлага извршувањето на решението.

**Член 16**

Во случаите од членовите 11 и 12 на овој закон, кога постои итност или спречување на опасност од настапување на значителна штета на системот и/или парцелите што ги снабдува со вода или ги одводнува, водостопанството има право на пристап и користење на земјиштето во приватна сопственост или врз кое постои право на користење и без донесување на решение од членот 15 на овој закон, со тоа што во рок од 24 часа е должно да го извести министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 17**

При воспоставување на времена службеност од членот 15 на овој закон, водостопанството одговара за штетата што сопственикот или корисникот на земјиштето ја претрпел, според одредбите на Законот за облигационите односи.
По извршените работи водостопанството е должно земјиштето и објектите да ги врати во првобитна состојба.

**Член 18**

Заради реализација за извршување на дејностите, водостопанството може да покрене постапка за експропријација на земјиштето согласно со прописите за експропријација.

## III. СТАТУСНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Називот на водостопанството ги содржи зборот "Водостопанство" и ознаката за географската локација на подрачјето на дејствувањето.

**Член 20**

Секое водостопанство има регистрирано седиште кое се наоѓа во подрачјето на дејствувањето.

**Член 21**

Водостопанството има статут кој содржи одредби за:
-назив /фирма/;
-адресата на седиштето;
-печатот и штембилот;
-опис на подрачјето на дејствувањето кое е прикажано на карта, која претставува составен дел на статутот;

-опис на дејностите од негова надлежност што ќе ги врши;
-деловник за работа;
-организација и систематизација;
-број на членови, состав и надлежности на одборот на корисници на вода (во натамошниот текст: одбор);
-постапката за избор, суспензија и разрешување на членови во одборот;
-постапка за свикување седници на одборот и правилата за нивно водење;
-постапка за изборот, овластувањата, суспензијата и разрешувањето на директорот;
-начинот и постапката за одредување на висината на надоместоци за услугите кои ги обезбедува водостопанството и кои се наплатуваат од корисниците;
-протокол за сигурност на снабдувањето со вода во услови на виша сила;
-реорганизација, престанок и ликвидација на водостопанството и
-вршење на други работи предвидени со закон или прописи донесени врз основа на закон.

**Член 22**

Водостопанството донесува акти за начинот на работа и користење на системот со кој стопанисува кои ги опфаќаат постапките за:
-користење на водата што се испорачува;
-поднесување барање за испорачување на вода и постапување по него;
-известување на корисниците за одлуките кои ги донесува одборот и
-во случај на суши и слични ситуации кои го оневозможуваат редовното работење.
На актите од ставот 1 на овој член согласност дава Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## IV. ОРГАНИ И НИВНИ НАДЛЕЖНОСТИ

**Член 23**

Водостопанството има Одбор на корисници на вода составен од шест до 13 члена.
Одборот е составен од членови избрани од:
- претставници од водните заедници од подрачјето на дејствувањето на водостопанството,
-претставници од комуналните претпријатија за водоснабдување од подрачјето на дејствувањето на водостопанството,
-претставници од корисниците на вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби вклучувајки го и производството на електрична енергија,

-претставници од корисниците на услугите за одводнување од подрачјето на дејствување на водостопанството,
-претставници на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство од редот на државните службеници и стручни лица од областа на управување и користење на водите со соодветни познавања за хидроградежни работи и
-претставници предложени од Сојузот на земјоделци на Македонија со место на живеење од регионот во кој дејствува соодветното водостопанство.

**Член 24**

Во водостопанството кое стопанисува со систем за одводнување каде што одводнувањето е приоритетна дејност и кое не испорачува вода, одборот е составен од седум до 13 члена избрани од:
-претставници на лицата сопственици на земјоделско и друго земјиште во рамките на подрачјето на дејствувањето на водостопанството,
-претставници на лицата корисници на земјоделско земјиште и друго земјиште во државна сопственост во рамките на подрачјето на дејствувањето на водостопанството,
-претставници на единиците на локалната самоуправа,
-претставници на државните субјекти кои се сопственици или користат земјиште, или објекти кои имаат потреба од одводнување и припаѓаат во системот за одводнување,
-претставници на водните заедници од подрачјето на дејствување на водостопанството,
-претставници на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство од редот на државните службеници и
-претставници предложени од Сојузот на земјоделци на Македонија.

**Член 25**

Кога постојат повеќе категории на корисници на вода, што имаат право на места во одборот, бројот на местата за секоја категорија корисници се утврдува согласно со статутот а врз основа на правична застапеност на различните категории на корисници на вода во зависност од степенот на користење на системот со кој стопанисува водостопанството.
Степенот на користење на системот се проценува врз основа на волуменот користена вода од страна на секоја категорија на корисници и податоците за наплата на надоместоците за услуга на таа категорија во последните три години, бројот на поединечните корисници вклучени во таа категорија и нивото на физичка припадност на системот на таа категорија корисници на вода.

**Член 26**

Во однос на корисниците на вода за наводнување, подрачјето на дејствувањето ќе биде поделено на географски области кои содржат групирани територии на сегашните или идни водни заедници.
Местата во одборот за оваа категорија на корисници на вода ќе бидат распределени за секоја таква област на правична основа со земање во предвид и на територијата која таа област ја покрива.
Доколку бројот на водните заедници во географската област е помал од или еднаков на бројот на местата во одборот распределени за корисниците на вода за наводнување од таа географска област, секоја водна заедница ќе има право за назначување на еден претставник од таа географска област.
Доколку бројот на водни заедници во рамките на географската област е поголем од бројот на местата во одборот распределени за корисници на вода за наводнување од таа географска област, претставниците во одборот ќе бидат избирани од и меѓу водните заедници.

**Член 27**

Секое комунално претпријатие за водоснабдување има право на назначување на свој претставник за најмалку едно место во одборот и било кое дополнително место кое може да им се додели во согласност со членот 25 на овој закон.

**Член 28**

Доколку водостопанството испорачува вода за индустриска потреба таквиот корисник ќе има право на назначување свој претставник во одборот во однос на категоријата на корисник на вода во која тој е вклучен.
Доколку водостопанството испорачува вода на два или повеќе корисника на вода за индустриски потреби, тие корисници ќе имаат право да назначат претставник во одборот во однос на нивното користење на вода во последните три години.
Доколку бројот на корисниците на вода за индустриски потреби го преминува бројот на местата во одборот наменети за таа категорија на корисници на вода, претставниците во одборот ќе бидат избирани од и меѓу корисниците за индустриските потреби.

**Член 29**

Кандидатот за член на одборот, треба да поседува:
-знаење и искуство од областа на водостопанството и
-познавање на проблемите во работењето на системот и нивното решавање.

**Член 30**

Пред истекот на мандатот, одборот во постојниот состав, за идниот состав на одборот, ги проверува условите за застапеност по категории на корисниците на вода и го утврдува бројот на членовите на одборот по категории на корисници на вода согласно со статутот и одредбите на овој закон.

**Член 31**

Мандатот на членовите на одборот е четири години, со можност за повторен избор, но не повеќе од два мандата едно по друго.

**Член 32**

За учество на седниците на одборот и вршење на тековната работа на одборот, членовите на одборот добиваат надоместок за работата како и за покривање на патните трошоци.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ја определува одборот кои средства се обезбедуваат од средствата на буџетот на водостопанството.

**Член 33**

Висината на надоместокот од членот 32 став 2 на овој закон што го добива претседавачот на одборот, може да биде поголем од надоместокот кој го добиваат другите членови на одборот, но не повеќе од 20%.

**Член 34**

Членот на одборот е должен :

-совесно и одговорно да ја врши функцијата;

-да не го надредува интересот на субјектот што го именувал или избрал, над општиот интерес и

-да ги почитува општите и поединечните акти на водостопанството и да се грижи за нивното спроведување.

**Член 35**

За последиците од своето работење, членот на одборот одговара согласно со одредбите на овој закон и актите на водостопанството.

**Член 36**

Членот на одборот не смее да ја користи својата функција во политички цели.

**Член 37**

Доколку за време на седницата на одборот или на некое тело на одборот, се отвори расправа заради донесување одлука, од која член на одборот, негов работодавец, негов брачен другар, роднина по крв во права линија до било кој степен, во странична линија до трет степен, по сватовство до втор степен, би можеле да се стекнат со определена непосредна или посредна корист, без оглед дали таквата корист е од финансиска или друга природа, членот на одборот е должен веднаш и јавно да ја искаже поврзаноста, односно својот потенцијален интерес, пред отворање на расправата, односно донесувањето на одлуката.

**Член 38**

Ако искажувањето на потенцијалниот интерес е направено во согласност со членот 37 на овој закон, тоа треба да се забележи во записникот од седницата, а членот не смее да учествува во натамошната расправа или во донесувањето одлуки на одборот или на некои од неговите тела, кои се во врска со предметното прашање.

**Член 39**

Одредбите од членот 38 на овој закон не се однесуваат на донесувањето одлуки по следниве прашања:
-висина на надоместоците за услугите кои ги обезбедува водостопанството;
-распределба или прераспределба на водата меѓу различни корисници на вода за време на суша или недостаток на вода и
-работењето на водостопанството и квалитетот на услуги што им ги обезбедува на корисниците.

**Член 40**

Премолчувањето на фактите од членот 37 на овој закон, доведува до ништовност на одлуката која е донесена поради таквото премолчување.

**Член 41**

Одборот раководи со деловната активност на водостопанството, ја насочува и следи работата на директорот и неговиот тим во извршувањето на нивните обврски.

**Член 42**

За секој корисник одделно врз основа на член 43 алинеја 4 од овој закон, директорот на водостопанството, со решение ја утврдува висината и рокот за плаќање на надоместокот за услугата од членовите 77, 81 и 82 на овој закон.
Против решението од ставот 1 на овој член, незадоволната страна има право на жалба до одборот.

Правосилното решение има карактер на извршна исправа и се извршува согласно со одредбите од Законот за извршување.

**Член 43**

Одборот на корисници на вода:
-го именува и разрешува директорот;
-го одобрува назначувањето на раководителите на секторите избрани од директорот;
-ги донесува актите од членот 22 на овој закон;
-ја утврдува висината на надоместоците за услугите кои ги обезбедува водостопанството и кои се наплатуваат од корисниците;
-го одобрува годишниот буџет;
-го донесува работниот план;
-ги утврдува критериумите за успешност на водостопанството;
-ги одобрува годишните сметки;
-го одобрува планот за кадровско екипирање и организациската структура;
-донесува интерни прописи во врска со работата;
-врши континуирано следење и контрола на финансиската и оперативната работа;
-ги одобрува месечните и годишните програми за работа, како и програмите за иден развој од аспект на проектите, инвестиционите цели, функционирањето, одржувањето и интервенциите за поправка на објектите;
-предлага изменување и дополнување на статутот;
-му одредува на директорот одредени обврски;
-му ги пренесува потребните овластувања на директорот;
-подготвува оперативни планови;
-спроведува периодична контрола на кадровската екипираност и на состојбата на опремата;
-склучува договори за набавка на услуги и стоки со надворешни правни и физички лица;
-издава одобренија за преземање на сите мерки коишто се неопходни за успешно извршување на дејноста;
-поднесува барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство според членот 73 на овој закон;
-ги планира, определува и спроведува мерките за распределба на вода во случај на утврдена виша сила;
-ги одобрува годишните планови и месечните распореди за испорака на вода;
-донесува деловник за работа и
-врши и други работи што со закон, прописи донесени врз основа на закон, статутот и други одлуки, не се ставени во надлежност на друг орган на водостопанството.

**Член 44**

Членовите на одборот на првата конститутивна седница, од составот избираат еден претседавач и еден заменик - претседавач.

**Член 45**

Претседавачот:

-ги свикува и претседава со седниците на одборот и

-врши работи што со статутот, деловникот или со одлука на одборот ќе му бидат ставени во надлежност.

**Член 46**

За поуспешно извршување на своите надлежности, одборот може да основа една или повеќе комисии со посебни функции.

**Член 47**

Одборот се состанува најмалку еднаш месечно.

Во случај на потреба претседавачот има право да свикува и вонредни седници на одборот.

Покрај претседавачот, право да бараат свикување на вонредна седница имаат и најмалку една третина од членството на одборот.

По нивно писмено барање, претседавачот е должен да ја свика седницата во рок од осум дена од денот на приемот на барањето.

Ако помине рокот од ставот 4 на овој член, предлагачот од ставот 3 има право во наредните осум дена да ја свика седницата.

**Член 48**

За седницата се води записник што го потпишува претседавачот и записничарот.

**Член 49**

Одборот може полноважно да одлучува доколку на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број на членови.

**Член 50**

Одлуките за висината на надоместоците за услугите кои ги обезбедува водостопанството се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на одборот.

Сите други одлуки одборот ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови на седницата на одборот.

**Член 51**

Член на одборот се разрешува, ако:

-отсуствува на три последователни седници на одборот без одобрение на

претседавачот, или вкупно шест седници во текот на една година;
-не се постапува согласно со членот 37 на овој закон;
-при јавна набавка за водостопанството, не декларирање, поврзаност со фирма учесничка со некое од лицата од членот 37 на овој закон;
-предизвика штета намерно или од крајно невнимание;
-во своето работење ги крши одредбите на овој закон;
-учествува во донесувањето на противзаконита одлука на одборот со која се предизвикува штета или се руши угледот на водостопанството и
-на било кој начин со своето однесување потешко го повредува законот, прописот или статутот.

**Член 52**

Во случаите од членот 51 на овој закон, одборот писмено го известува лицето или лицата кои го назначиле или избрале членот на одборот за разрешување и избор или назначување нов член на одборот во рок од 30 дена од денот на одржувањето на седницата на одборот кога е констатирано исполнување на случај од членот 51 на овој закон.
Доколку во предвидениот рок од ставот 1 на овој член, не биде избран или назначен нов член на одборот, одборот изгласува разрешување на тој член на одборот и неговото/нејзиното место останува слободно се додека не се избере или назначи нов член на одборот.

**Член 53**

Одборот го именува директорот во својство на главен извршен орган на водостопанството, врз основа на јавен оглас.
При донесувањето одлука за именување на директор, одборот ги зема предвид работното искуство, менаџерските способности и стручните квалификации на секој од пријавените кандидати.

**Член 54**

Директорот му одговара на одборот за работата на водостопанството, во согласност со политиката и одлуките на одборот.
Директорот е должен најмалку еднаш годишно да достави извештај за своето работење до одборот.

**Член 55**

Директорот:
-го претставува водостопанството пред трети лица во согласност со статутот;
-склучува договори со трети лица од редовното работење во рамките на овластувањата со статут или посебна одлука на одборот;
-ја подготвува организационата структура на водостопанството и ја доставува на одобрување до одборот;
-подготвува годишни извештаи за одборот;

-подготвува извештаи за својата работа кои одборот му ги побарал;
-подготвува и доставува извештаи за годишни сметки;
-подготвува и доставува предлог на програма на активностите за наредната година;
-подготвува и доставува предлог на буџет;
-доставува предлог до одборот за распределба на вишокот средства во поглед на капиталните инвестиции и на другите резервни фондови;
-вработува и отпушта персонал и склучува поединечни договори за вработување во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон за оваа област, овој закон и статутот ;
-ги исполнува обврските што му ги дава одборот и
-врши и други права и должности ставени во негова надлежност со закон, прописи донесени врз основа на закон, статут и други општи акти.

**Член 56**

По барање на одборот, директорот:
-обезбедува информации, документација или предлози за функционирањето на водостопанството и
-дава стручно мислење за работи што се во врска со функционирањето на водостопанството и системот кој го стопанисува, користи и одржува.

**Член 57**

Директорот има право и обврска да присуствува и да учествува во работата на седниците на одборот без право на глас во одлучувањето.

**Член 58**

Платата и другите надоместоци на директорот, ги утврдува одборот.

**Член 59**

Вработените во водостопанството кои вршат работи од јавен интерес согласно со овој закон, имаат статус на јавни службеници.
Вработените во водостопанството кои вршат помошни и технички работи немаат статус на јавни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности од работниот однос се применуваат одредбите на Законот за работните односи.

**Член 60**

За вработените во водостопанството кои имаат статус на јавни службеници за прашањата кои се однесуваат на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на јавниот службеник се применуваат одредбите од овој закон и Законот за јавните службеници.

**Член 60-а**

Во водостопанството за вршење на работи од јавен интерес може да се вработи лице кое ги исполнува општите и посебните услови утврдени со Законот за јавните службеници, како и другите услови пропишани со актот за систематизација на работни места на водостопанството.

За пополнување на слободно работно место за вршење работи од јавен интерес во водостопанството, директорот на водостопанството донесува одлука за потребата од вработување на јавен службеник.

Со одлуката од ставот 2 на овој член се определува дали пополнувањето на слободното работно место се врши преку вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, со објавување на интерен оглас, со распоредување од вработените јавни службеници или со преземање на јавен службеник од друга институција.

Доколку пополнувањето на слободното работно место се врши по пат на објавување на јавен оглас, водостопанството доставува барање до Агенцијата за администрација заради објавување на јавен оглас за вработување.

Објавувањето на огласот од ставот 4 на овој член и спроведувањето на постапката за избор се вршат согласно со Законот за јавните службеници.

Во случаите кога пополнувањето на слободното работно место се врши по пат на објавување на интерен оглас, интерниот оглас се објавува на веб страницата на водостопанството. Огласот содржи податоци за работното место кое треба да се пополни, посебните услови утврдени со членовите 15 и 19 од Законот за јавните службеници, условите пропишани во актот за систематизација на работните места кои треба да ги исполнува јавниот службеник и рокот за пријавување.

**Член 60-б**

Јавен службеник вработен во водостопанството кој има соодветно образование, потребно работно искуство во струката и ги исполнува и другите услови утврдени во актот за систематизација на работните места, по потреба на водостопанството или по негово барање може да се распореди на друго работно место согласно со актот за систематизација на работните места, или да се преземе во друга институција ако за тоа има негова согласност и согласност на одговорните лица на институциите.

Вработен во водостопанството кој нема статус на јавен службеник, а има соодветно образование, потребно работно искуство и ги исполнува и другите услови утврдени во актот за систематизација на работните места на водостопанството, по потреба или по негово барање, по претходно положен испит за јавен службеник, може да биде распореден на работно

место со соодветно звање во водостопанството и да се стекне со статус на јавен службеник.
Лицата кои за прв пат се вработуваат во водостопанството за вршење на работи од јавен интерес и лицата кои се вработуваат на повисоко работно место од претходното во водостопанството, задолжително извршуваат пробна работа. Пробната работа за избраниот кандидат за јавен службеник со високо образование трае 12 месеци, а за избраниот кандидат со средно образование и лицето кое се вработува на повисоко работно место од претходното, пробната работа трае шест месеци.
На начинот на вршење на пробната работа и вработувањето на избраните лица од ставот 3 на овој член се применуваат одредбите од членот 21-в од Законот за јавните службеници.

**Член 60-в**

Јавниот службеник во водостопанството лично е одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.

**Член 60-г**

Секој јавен службеник и друго лице, во согласност со закон има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против јавен службеник во водостопанството која треба да биде образложена.
Предлог за покренување на дисциплинска постапка против јавниот службеник поднесува непосредно претпоставениот јавен службеник, односно раководниот службеник или директорот на водостопанството.

**Член 60- д**

Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност по правило ги содржи следниве елементи:
-лично име на јавниот службеник за кого се поднесува предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност,
-работно место на кое е распореден јавниот службеник за кого се поднесува предлогот,
-опис на дејствието/та со кое е извршено кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски,
-наведување на квалификација на дејствието/та од ставот 1 алинеја 3 на овој член со конкретно наведување дали тоа според оцена претставува полесно, односно потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски,
-време, начин и место на вршење на дејствието со кое е извршено кршењето на работниот ред и дисциплина и неисполнување на работните обврски,
-последици што настанале на работниот ред и дисциплина и неисполнување на работните обврски,

-наведување на доказ/и од кои се потврдува таквото однесување, односно доказ што е во прилог на фактот дека е извршено комплетно дејствие (службена белешка, писмен извештај, информација, пријави, изјави од сведоци и слично),
-наведување на лично име на лице кое може да биде повикано во својство на сведок,
-податок дали јавниот службеник за кого се поднесува предлогот дотогаш одговарал за кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски во водостопанството и
-податок во врска со предходни наградувања на јавниот службеник.
Во прилог на предлогот од ставот 1 на овој член се доставуваат доказите што се наведени во истиот и други документи што според оцена на предлагачот се од значење за конкретниот случај.

**Член 60-ѓ**

Директорот на водостопанството формира комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот за покренување на дисциплинска постапка.
Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од три члена и тоа еден раководен јавен службеник и двајца јавни службеници од кои еден со звање од истата група на звање, како и јавниот службеник против кого се води дисциплинската постапка. Членовите на комисијата имаат заменици.
Претседателот на комисијата е од редот на раководните државни службеници.
Комисијата од ставот 1 на овој член, по спроведената дисциплинска постапка, му предлага соодветна дисциплинска мерка на директорот на водостопанството.
Ако комисијата од ставот 1 на овој член утврди дека јавниот службеник не е одговорен или не се исполнети условите за донесување на решенија за изрекување на дисциплинска мерка му предлага на директорот да го отфрли предлогот, односно да ја запре постапката.

**Член 60-е**

Дисциплинските мерки против јавниот службеник во водостопанството ги изрекува директорот на водостопанството, а по претходен писмен извештај од непосредно претпоставениот јавен службеник.
Пред изрекување на дисциплинската мерка јавниот службеник се известува писмено за наводите на извештајот од ставот 1 на овој член што постојат против него и истиот има право да даде усмен или писмен одговор во рок кој не може да биде пократок од пет дена.
Доколку јавниот службеник не сака да го прими известувањето за наводите во извештајот од ставот 1 на овој член во рок од три дена,

истото ќе биде објавено на огласната табла во седиштето на водостопанството.

Директорот на водостопанството во рок од 60 дена од денот на започнување на постапката донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка.

**Член 60-ж**

Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, јавниот службеник во водостопанството има право на жалба во рок од осум дена до Агенцијата за администрација.

**Член 60-з**

Јавниот службеник во водостопанството е одговорен за штетата која на работа или во врска со работата намерно или од крајна небрежност ја предизвикал на водостопанството.

Директорот на водостопанството формира комисија за утврдување на материјална одговорност на јавниот службеник.

Комисијата од ставот 2 на овој член е составена од претседател и два члена од кои еден е јавен службеник, а еден е претставник на синдикатот и нивни заменици. Претседателот на комисијата е раководен јавен службеник или јавен службеник кој не е со пониско звање од звањето на јавниот службеник против кој се води постапка за материјалната одговорност.

Комисијата од ставот 2 на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

Комисијата од ставот 2 на овој член за утврдената фактичка состојба поднесува извештај врз основа на кој директорот на водостопанството донесува решение за надоместок на штетата.

**Член 60-ѕ**

Предлог за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност против јавниот службеник во водостопанството поднесува непосредно претпоставениот јавен службеник, односно раководниот службеник или директорот на водостопанството.

**Член 60-и**

Против решението од членот 60-е став 4 од овој закон јавниот службеник во водостопанството има право да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

**Член 60-ј**

Јавниот службеник во водостопанството врз основа на континуирано следење на работењето се оценува од непосредно претпоставениот раководен јавен службеник во водостопанството.

**Член 60-к**

Оценувањето на јавниот службеник во водостопанството се врши со цел да се добие реална слика за стручноста, квалитетот, ефикасноста и ефективноста во извршувањето на работи од јавен интерес утврдени со закон.

**Член 60-л**

Оценувањето на јавниот службеник во водостопанството се врши врз основа на податоците за резултатите од работата и личните квалитети имајќи ги предвид податоците за обуките, наградите, дисциплинските мерки и отсуствата во претходната година.

**Член 60-љ**

При оценување на резултатите од работата, се врши оценување на познавање и примена на прописите и практиките, остварување на работните цели, навремено извршување на работата, квалитетно извршување на работата и организирање на работата во водостопанството.

**Член 60- м**

При оценување на личните квалитети се врши оценување на креативност, иницијативност и заинтересираност за работата, способноста за тимска работа, способноста за работа под притисок и комуникациските вештини.

**Член 60-н**

Оценувањето се врши на објективен и непристрасен начин, без влијание и притисок од непосредни претпоставени и раководни јавни службеници во водостопанството врз оценувачот.

**Член 60-њ**

Оценувањето се врши како шестмесечен континуиран процес на вреднување на резултатите од работата и личните квалитети на оценуваниот, кој опфаќа:

-утврдување на работни цели и активности,

-следење и прибирање на податоците во работењето на јавниот службеник во водостопанството,

-давање инструкции и совети за подобрување на работењето и

-интервју со јавниот службеник.

**Член 60-о**

Оценувачот во текот на периодот на оценување, постојано ја следи работата на јавниот службеник во водостопанството и прибира податоци што се од суштествено значење за оценувањето.

Следењето и прибирањето на податоците подразбира проверка и евидентирање на квалитетот и квантитетот во остварување на работните задачи.

При следењето на работата, оценувачот постојано го мотивира јавниот службеник во водостопанството и му дава инструкции и совети за подобрување на работењето, му укажува на конкретни детали во работата, на постапките што водат кон успешно работење и на недостатоците во неговото работење.

**Член 60-п**

При оценувањето на работата на јавниот службеник во водостопанството се применува образецот за оценување на јавниот службеник пропишан согласно со Законот за јавните службеници.

**Член 61**

Раководителите на организационите единици ги назначува директорот по претходно прибавено одобрение од одборот.

**Член 62**

Ако за работно место по јавен оглас или на друг начин, конкурира сродник на директорот: брачен другар, сродник по крв во права линија до било кој степен или во странична линија до трет степен, директорот се иззема од одлучувањето и одлуката за засновање на работен однос ја донесува одборот.

## V. ОДНОСИ СО КОРИСНИЦИТЕ

**Член 63**

Водостопанството врши снабдување со вода врз основа на склучен договор.

Работите на одводнувањето од членот 7 на овој закон водостопанството со корисниците ги уредува со договор.

**Член 64**

Во случај кога водата е наменета за потреби на наводнувањето, таа ќе се испорачува врз основа на:

-долгорочни договори за снабдување со вода кои се склучуваат со водната заедница и

-годишни договори за снабдување со вода во сезона за наводнување кои

се склучуваат со индивидуални корисници.

**Член 65**

Водостопанството испорачува вода на комуналните претпријатија за водоснабдување и на корисниците на вода за индустриска потреба, вклучувајќи ја и испораката на вода за производство на електрична енергија, само врз основа на долгорочни договори за снабдување со вода.

**Член 66**

Времетраењето на секој долгорочен договор за снабдување со вода, се определува на период од десет години, а по барање на заинтересираната странка овој период може да биде и пократок, но не пократок од пет години.

**Член 67**

Договорите од членовите 64 и 65 на овој закон особено содржат податоци за:

-точките на снабдување со вода на главниот канал, објект или цевка до кои водостопанството врши снабдување со вода;
-намената и начинот на користење на водата;
-периодите за испорака на вода во текот на годината;
-висината на надоместокот за услугата и рокот за плаќање;
-условите кои се неопходни заради обезбедување на праведна и еднаква распределба на вода, а кои произлегуваат од капацитетот и физичките ограничувања на системот;
-мерките кои треба да се преземат со цел да се намалат штетните ефекти од дифузните извори на загадувањето, од салинизацијата и од презаситеност на почвата со вода;
-условите со кои се промовира рационалното користење на водата или кои се неопходни за имплементирање на законските обврски на водостопанството во поглед на користењето на водата;
-правата за снабдување со вода и протоколот за сигурност на снабдување со вода;
-обврските и ограничувањата на обврските;
-договорни казни за повреда на договорните обврски и
-други податоци кои се во согласност со одредбите на овој закон или други закони односно прописи донесени врз основа на закон.

**Член 68**

Договорите од членот 64 став 1 алинеи 1 и 2 на овој закон, покрај податоците од членот 67 на овој закон содржат и податоци за:

-сезоната за наводнување;

-постапката за поднесување барање за испорачување на вода за време на сезоната на наводнувањето;
-максималната количина вода која може да ја побара корисникот за време на секоја сезона за наводнување и
-правото на ограничување на испораките на вода од страна на водостопанството.

**Член 69**

Договорите од членот 65 на овој закон, покрај податоците од членот 67 на овој закон содржат и податоци за:
-количината на водата што треба да му се испорача на корисникот;
-правото на рестрикција во точно определени случаи и
-месечниот план на испорака на вода во случај на рестрикција.

**Член 70**

Толкувањето на одредбите на договорот се врши според изјавата на страните во договорот, а ако таква нема, според Законот за облигационите односи.

Водостопанството има право, во однос на договорите од членовите 64 и 65 на овој закон, да пресметува камата на ненавремено платените износи за надоместокот за услугата според законски утврдената затезна камата.

**Член 71**

Склучениот договор за вода во текот на траењето може да се раскине предвреме или да се изменат неговите клаузули само по взаемна писмена согласност на двете страни.

Водостопанството, има право да го раскине договорот и да го прекине снабдувањето со вода, во случај кога другата договорна страна доцни со исполнување на своите договорни обврски, подолго од 30 дена од денот на пристигнувањето на обврската, без оглед на обемот на неисполнетата обврска, како и во други случаи на еднострано раскинување на договорот согласно со Законот за облигационите односи.

За едностраното раскинување на договорот од ставот 2 на овој член водостопанството писмено го известува корисникот во рок од три дена.

**Член 72**

Доколку водостопанството не му испорачува вода на носителот на договорот согласно договорената динамика или на друг начин ги крши условите на договорот, одговара за надоместокот на штетата според Законот за облигационите односи.

**Член 73**

Во случај на виша сила, ако дојде до намалување на водата наменета за корисниците, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на барање на водостопанството или корисниците прогласува состојба на виша сила со одлука.

Водостопанството е должно да ги извести сите корисници во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката од ставот 1 на овој член.

Известувањето од ставот 2 на овој член се врши преку локалните средства за информирање и се истакнува на огласната табла на водостопанството.

По прогласувањето на виша сила, водостопанството започнува со спроведување рестрикција во снабдувањето со вода, согласно со протоколот за сигурност на снабдување со вода во услови на виша сила.

## VI. МАТЕРИЈАЛНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

**Член 74**

Извори на средства на водостопанството се:
-надоместоци за услуги за снабдување со вода;
-надоместоци за одводнување;
-кредити;
-донации и
-други извори.

**Член 75**

На крајот на финансиската година, секој вишок на средства кој произлегува од средствата од надоместоците за услуги за снабдување со вода, надоместоци за одводнување или средства од други извори, се употребува за покривање на идните трошоци на водостопанството.

**Член 76**

Водостопанството може за покривање на трошоците на тековното работење да се задолжува со:
- кредити од деловни банки и
- позајмици од правни и физички лица.

**Член 77**

По долгорочните договори од членот 64 став 1 алинеја 1 и членот 65 на овој закон се плаќа:
-годишен надоместок и
-надоместок за испорачана количина на вода.

**Член 78**

Годишниот надоместок од членот 77 став 1 алинеја 1 на овој закон е износ на трошоците за тековно годишно одржување на системот и се плаќа однапред до 31 декември секоја година, за наредната година или поинаку ако тоа е одредено во статутот на водостопанството или во неговите интерни акти.

Надоместокот за испорачана количина на вода од членот 77 став 1 алинеја 2 на овој закон, е износ на трошоците за испорачаните количини на вода до корисниците, според волуменот на истата и се плаќа месечно по извршената испорака.

**Член 79**

Распределувањето на обврската за годишниот надоместок, меѓу корисниците кои водата ја користат за наводнување и другите корисници што не ја користат за таа намена, а склучиле долгорочни договори, се врши според просечната волуменска количина на вода која му била испорачана на секој корисник во претходните три години.

Распределувањето на обврската за годишниот надоместок меѓу корисниците на вода што ја користат за наводнување, а склучиле долгорочни договори, ќе се врши врз основа на бруто површината за која е обезбедена услугата.

**Член 80**

Надоместокот за испорачана вода за корисниците со долгорочни договори кои водата не ја користат за наводнување, може да се пресметува по систем на премија.

Премијата претставува начин на утврдување на надоместокот врз основа на повисокиот степен на сигурност за снабдување со вода, што го бара корисникот од ставот 1 на овој член.

Премијата како начин на утврдување на надоместокот, мора да биде дефинирана во протоколот за сигурност на снабдувањето со вода кој е утврден со статутот на водостопанството и мора да е внесена во долгорочниот договор.

Висината на премијата се утврдува со спогодба меѓу водостопанството и корисникот, но не може да биде помалку од четирикратниот износ во однос на надоместокот за испорачана количина на вода на корисниците што водата ја користат за наводнување.

**Член 81**

По годишните договори од членот 64 став 1 алинеја 2 на овој закон, се плаќа надоместокот за користење на вода, кој може да биде поголем во однос на оној што го плаќаат корисниците на долгорочни договори како надоместок за испорачана вода, но не повеќе од трикратен износ.

**Член 82**

Водостопанството, кое покрај испорачувањето на вода на корисниците има во својата дејност одводнување, наплатува надоместок и за одводнување од водните заедници и другите правни и физички лица, сопственици или корисници на земјоделско и друго земјиште, единиците на локална самоуправа и другите државни субјекти кои се сопственици или користат земјиште, или објекти, а припаѓаат во системот за одводнување со кој стопанисува водостопанството.

Водостопанството на кое основна дејност му е стопанисување со систем за одводнување и кое не врши испорака на вода, утврдува и наплатува надоместок за одводнување од секое правно или физичко лице во рамките на подрачјето на дејствување на водостопанството:

-кое е сопственик или корисник на земјиште и

-кое има право на користење или закуп на државно земјиште.

**Член 83**

Висината на надоместокот за одводнување од членот 82 на овој закон, се утврдува на следниот начин:

-се утврдува годишниот износ на трошоците за одржување на системот за одводнување ;

-се утврдува вкупната површина на сите парцели /земјиштето/ што го покрива системот за одводнување;

-се утврдува процентот на учество на површината на парцелата сопственост или во користење на правното или физичкото лице во вкупната површина на земјиштето;

-утврдениот процент од алинејата 3 на овој член, се множи со годишниот износ на трошоци и се утврдува износот што треба да го плати сопственикот односно корисникот на земјиштето.

**Член 84**

Секое водостопанство ги утврдува своите надоместоци за услугите врз основа на следниве основи:

-нема заемно субвенционирање на различни системи;

-се пресметува целосниот трошок на испорачаната вода до точката на снабдување;

-надоместокот за услуги за наводнување и одводнување да биде единствен и заснован врз исти критериуми за целиот систем, освен за деловите од системот каде постои значителна разлика во трошоците која влијае врз висината на надоместокот, како што е друг извор на вода или област која користи пумпи;

-во надоместоците за услуги се вклучуваат трошоци за одржување и работење на системот, резервни делови, замена на истрошените постројки и објекти и покривање на ризици од суша, поплава или случајна штета;

-при користење на иста инфраструктура од повеќе корисници, плаќањето на надоместокот за услуги да биде пропорционално на количините на вода по корисник;
-амортизацијата може да биде вклучена во надоместокот за услугата само за средствата кои се во сопственост на водостопанството и доколку реалниот трошок вклучува камата и поврат на главницата на кредит, каде овие дополнителни трошоци треба да бидат повратени во подеднаков однос од сите корисници.

## VII. ПОСТАПКА ЗА ОСНОВАЊЕ

### Член 85

Водостопанството се основа со одлука на Владата на Република Македонија, по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство предлогот за основање водостопанство од ставот 1 на овој член може да го поднесе до Владата на Република Македонија доколку иницијативата и интересот за основање на водостопанство се покрене од единицата на локалната самоуправа или од корисници на вода од определено подрачје на коешто постои хидромелиоративен систем за наводување и/или одводнување и ако нема основано водостопанство за тоа подрачје, а иницијативата да ги содржи елементите предвидени со членот 87 од овој закон.

### Член 86

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да иницира постапка за основање ако:
-постојаните водостопански претпријатија се во постапка за ликвидирање или се ликвидирани;
-постои интерес за ефикасно управување со водите.

### Член 87

Започнувањето на постапка за основање водостопанство со кратка содржина на предлогот се објавува во дневен весник.
Предлогот за основање содржи:
-опис на подрачјето на делување;
-идентификација на системот со кој ќе стопанисува, ќе го користи и ќе го одржува;
-детален попис на инфраструктура на системот и на основните средства кои треба да се пренесат на водостопанството;
-идентификација на инфраструктурата и деловите на системот;
-идентификација на различните категории на корисници на вода кои ќе бидат снабдувани од водостопанството;

-предлог за доделување места на различни категории корисници на вода во одборот;
-нацрт – статут на водостопанството;
-нацрт – протокол за сигурност за снабдување со вода во кој се поставени релативните приоритети кои се даваат на различните корисници во случај на недостиг на вода и
-нацрт – буџет на водостопанството.

**Член 88**

Резиме од Предлогот од членот 87 на овој закон се доставува на разгледување и мислења до:
-водните заедници;
-индустриските корисници на вода;
-комуналните претпријатија за водоснабдување;
-други корисници кои ќе се снабдуваат со вода или ќе користат услуги од водостопанството.

**Член 89**

Примероци од Предлогот од членот 87 на овој закон се доставуваат на мислење до :
-Министерството за финансии;
-Министерството за локална самоуправа;
-единиците на локалната самоуправа на територијата на дејствувањето за која се основа водостопанството.

**Член 90**

Субјектите од членовите 88 и 89 на овој закон, имаат право да достават свои забелешки во писмена форма во рок од 15 дена од денот на приемот на документацијата до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 91**

По истекот на рокот од членот 90 на овој закон, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, земајќи ги предвид добиените мислења, го финализира предлогот за основање на водостопанството, статутот и составува предлог за времен избор – именување и мандат на членови на првиот одбор за предложеното водостопанство.

**Член 92**

Предлогот од членот 91 на овој закон министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го доставува до Владата на Република Македонија.

**Член 93**

Владата на Република Македонија по предлогот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство одлучува за основање на водостопанството.

**Член 94**

Владата на Република Македонија со одлуката за основање од членот 93 на овој закон:
-го определува подрачјето на дејствувањето;
-го одобрува статутот;
-ја одобрува распределбата на местата во одборот;
-ги именува членовите на првиот одбор и времетраењето на нивниот мандат, но не подолго од три години;
-го определува пренесувањето на хидромелиоративниот систем и другите придружни водостопански објекти, постројки и недвижности, опрема, резервни делови и други основни средства и инвентар за стопанисување на водостопанствата и
-го определува датумот на распишувањето на првите редовни избори за членовите на одборот по истекот на мандатот на членовите на првиот одбор.
Одлуката на Владата на Република Македонија се објавува во "Службениот весник на Република Македонија".

**Член 95**

Во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката од членот 94 на овој закон, претседавачот на одборот поднесува пријава за упис на водостопанството во регистарот на други правни лица (во натамошниот текст: регистар) што го води Централниот регистар на Република Македонија.
Со пријавата за упис во регистарот се поднесува:
-статутот на водостопанството и
-одлуката на Владата на Република Македонија за основање на водостопанството. Централниот регистар на Република Македонија е должен во рок од пет дена од денот на поднесувањето на пријавата за упис да донесе решение со кое ќе одлучи за упис на водостопанството во регистарот.
Заверен препис од решението за упис во регистарот, како и примерок од Одлуката по жалба на решението за упис, Централниот регистар на Република Македонија доставува во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 96**

Водостопанството стекнува својство на правно лице со денот на објавата

на уписот во регистарот на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија.
Податоците запишани во регистарот се објавуваат на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија, на трошок на субјектот на уписот.

**97 ИЗБРИШАН!!!**

**Член 98**

Врз основа на одлука на Владата на Република Македонија од членот 93 на овој закон, а по стекнување на водостопанството со својство на правно лице, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство склучува договор со водостопанството за пренесување на стопанисување, користење и одржување на средствата од членот 94 став 1 алинеја 5 на овој закон.
Договорот се склучува за период што не може да биде пократок од десет години ниту подолг од 30 години.

**Член 99**

Договорот содржи:
-целосен опис на инфраструктурата врз основа на плановите и картите која му се пренесува на водостопанството заедно со придружните права на користење или пристап до теренот кој не претставува дел од системот;
-опис на состојбата на системот на денот на преносот;
-спецификација на обврските на водостопанството во врска со стопанисувањето, користењето и одржувањето на системот, со особен акцент на обврската за следење, контрола, одржување и спроведување поправки на неговите составни делови;
-спецификација на обврските на водостопанството за чување на записи од мерења, вклучувајќи ги записите за количествата на зафатената или исцрпена вода;
-правото на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го контролира одржувањето и поправките на системот и правото за контролирање на работењето на водостопанството во однос на одржувањето и користењето на системот;
-спецификација на обврските на водостопанството кон трети лица, вклучувајќи ја и обврската за осигурување на системот;
-спецификација на постапките коишто задолжително треба да се следат доколку е потребно да се направат модификации на системот и
-опис на условите под кои може да дојде до раскинување на договорот, а за што е потребна одлука на Владата на Република Македонија.

**Член 100**

По основањето на водната заедница која дејствува на подрачјето на дејствувањето на водостопанството, водната заедница поднесува барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за пренесување на користење и управување на инфраструктурата за наводнување и/или одводнување од дел на системот, или цел мал систем на заедницата.

По добивањето на барањето министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на членот 70 од Законот за водните заедници поднесува предлог до Владата на Република Македонија за донесување одлука за пренесување на користење и управување на инфраструктурата за наводнување и/или одводнување од дел на системот, или цел мал систем на заедницата.

**Член 101**

Водостопанството е должно да ги исполни сите законски услови и барања, а пред се, да ги прибави сите потребни дозволи, одобренија и други овластувања во врска со користењето на водните ресурси и заштитата на животната средина и природа, кои се однесуваат на стопанисување, користење и одржувањето на системот.

## VIII. ПОСЕБНИ ОБВРСКИ

**Член 102**

Водостопанството:

-технички ја дефинира и ажурира картата на којашто е прикажано подрачјето на дејствувањето;

-ги евидентира сите составни делови на системот кои му се пренесени на користење;

-ги евидентира податоците за водата која се црпи од изворот;

-ги евидентира корисниците по вид на обезбедени услуги;

-ги евидентира решенијата за надоместокот за услуги, неплатените и платени обврски од корисниците на услугите;

-ги евидентира склучените, реализирани и нереализирани договори и трансакциите за нивна реализација;

-врши попис на основните средства;

-составува записници за контроли и снимања на состојбата на системот со кој стопанисува, во целина како и на делови од системот кои му се пренесени на користење и

-врши други работи ставени во негова надлежност со закон или прописи донесени врз основа на закон.

**Член 103**

Водостопанството води сметки за средствата и трошоците и подготвува годишни сметки, согласно со Законот за сметководството на непрофитни организации.

**Член 104**

Финансиското работење на водостопанството, заедно со годишните сметки се предмет на независна надворешна контрола од овластена ревизорска куќа.

**Член 105**

Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врши стручен надзор на работењето на водостопанствата.

**Член 106**

Во рамките на надзорот од членот 105 на овој закон, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, има право да бара од одборот увид во документите од финансиска, материјална и друга природа и да укажува на противзаконитото работење и постапките кои го попречуваат редовното работење.

**Член 107**

Ако по спроведениот увид, се утврди повреда на законските прописи, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство писмено ќе го извести одборот за своите констатации од наодите на увидот и од него ќе побара писмен одговор во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето.

**Член 108**

Доколку одборот не одговори на барањето од членот 107 на овој закон, или ако по приемот на одговорот, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство утврди дека водостопанството работело спротивно на одредбите на овој закон или други прописи, може да го разреши целиот одбор или некои негови членови, за кои смета дека се одговорни за пропустите.

По донесувањето на одлуката за разрешување, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе свика состанок на лицата кои се странка во договорите склучени со водостопанството и ги известува за својата одлука.

**Член 109**

Доколку дојде до разрешување на одборот, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе именува привремен менаџер, кој ќе ја врши функцијата на орган на управувањето наместо одборот, до избор на нов одбор.

**Член 110**

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може по писмен пат да побара од водостопанството да му доставува информации и документација за користењето и одржувањето на системот со кој стопанисува.

**Член 111**

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може надзорот на користењето и одржувањето на системот да го пренесе со писмено овластување, на едно или повеќе правни или физички лица, кои имаат соодветен стручен кадар или се со стручна подготовка од областа на водостопанството.

Овластените лица од ставот 1 на овој член спроведуваат надзор на системот и по утврдените недостатоци во работењето, издаваат налози на водостопанството за преземање на дејствија за:

-правилно одржување на инфраструктурата;

-спречување на настапување на штети на инфраструктурата;

-спречување на настанување на штети на објекти од јавен интерес, што не се во состав на системот, или на објекти во сопственост на правни и физички лица и

-обезбедување на правилно користење на инфраструктурата од аспект на јавен интерес.

## IX. ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА

**Член 112**

Владата на Република Македонија по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува одлука за престанување на работењето на водостопанството, ако:

-водостопанството станало неликвидно и не е во состојба да ги изврши своите финансиски обврски;

-не го одржува системот во состојба да овозможува редовно снабдување со вода до корисниците;

-предизвика поголеми штети на корисниците поради несоодветно стопанисување со системот;

-ако системот поради виша сила или од други причини не може да ја врши функцијата за снабдување со вода поради која постои;

-одборот со мнозинство од три четвртини од вкупниот број на членови донесе одлука за престанок на работењето;
-Владата на Република Македонија, го раскине договорот за користење на системот врз основа на услови предвидени во тој договор и
-во други случаи предвидени со закон.
Одлуката од ставот 1 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".
Владата на Република Македонија по иницијатива на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува предлог за спроведување на постапка за ликвидација на водостопанството до надлежниот суд.
Со предлогот на Владата на Република Македонија за спроведување на постапката за ликвидација се дава и предлог за назначување на ликвидатор.

**Член 113**

За отворањето и спроведувањето на постапката за ликвидација е надлежен судот според седиштето на водостопанството.
По предлогот за ликвидација, надлежниот суд определува ликвидационен совет составен од тројца судии за спроведување на постапката за ликвидација.
По предлогот за спроведување на ликвидација, судот е должен да донесе решение за отворање на постапка за ликвидација во рок од осум дена по приемот на предлогот, без одржување на јавна расправа.

**Член 114**

За отворање на постапката на ликвидација, доверителите се известуваат со оглас.
Огласот се објавува во "Службен весник на Република Македонија", во еден од дневните весници, на огласната табла во судот и на огласната табла на водостопанството над кое се спроведува постапка за ликвидација, истиот ден кога е донесено решението за отворање на постапката за ликвидација.
Огласот за отворање на постапката за ликвидација содржи:
-назив на судот што го донел решението за отворање на постапката за ликвидација;
-извод од решението за отворање на постапката за ликвидација;
-фирма, седиште и број на жиро – сметката на водостопанството над кое се спроведува постапката за ликвидација;
-име и адреса на ликвидаторот;
-повик до доверителите во рок од 30 дена да ги пријават своите побарувања;
-место, ден и час на рочиштето за испитување на побарувањата на доверителите и

-повик на должниците на водостопанството над кое се води постапка за ликвидација без одлагање да ги намират своите обврски.

**Член 115**

Во ликвидационата маса на водостопанството над кое се води постапка за ликвидација не влегуваат инфраструктурните системи и придружните објекти кои се во функција на вршењето на дејноста определена со овој закон.

**Член 116**

Решението за заклучување на постапката за ликвидација се доставува до Централниот регистар на Република Македонија заради бришење на водостопанството од соодветниот регистар.

**Член 117**

Ако поинаку не е предвидено со овој закон, во постапката за ликвидација на водостопанството соодветно се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за стечај.

**Член 118**

Системот пренесен со одлуката на Владата на Република Македонија од членот 94 став 1 алинеја 5 на овој закон и договорот за користење од членот 99 на овој закон склучен со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се враќаат во владение на државата.

## X. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

**Член 119**

Глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

-без склучен договор со водостопанството користи вода од системот;

-покрај постоење на правосилно решение или решение по кое жалбата не го задржува извршувањето ќе спречи овластено лице на водостопанството на пристап или користење на земјиштето за извршување на работите од членовите 11 и 12 на овој закон и

-постапи спротивно на процедурите определени со актите на водостопанството од членот 22 на овој закон.

Глоба во износ од 100 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

**Член 120**

Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице – корисник на вода, кое:

-без склучен договор со водостопанството користи вода од системот;

-покрај постоење на правосилно решение или решение по кое жалбата не го задржува извршувањето ќе го спречи овластеното лице на водостопанството на пристап или користење на земјиштето за извршување на работите од членовите 11 и 12 на овој закон и

-постапува спротивно на процедурите определени со актите на водостопанството од членот 22 на овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на одборот што нема да пријави конфликт на интереси од членот 37 на овој закон и ќе учествува во расправата и донесувањето на одлуката.

Глоба во износ од 300 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на секој од членовите на одборот кога одборот нема да постапи по барањето од членот 107 на овој закон.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 121**

Прописот од членот 95 став 4 на овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 122**

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, Владата на Република Македонија ќе донесе одлука за основање на водостопанствата согласно со членот 94 од овој закон.

Одлуката од ставот 1 на овој член особено содржи: бројот на водостопанствата, подрачјето на нивното дејствување, системите што им се пренесуваат на управување, делови од системи или мали системи што треба да се пренесат на водните заедници, бројот на вработени што ќе бидат преземени од постојните водостопански претпријатија и роковите за склучување договори за пренесување на системите по членот 99 од овој закон, односно крајниот рок за отпочнување со работа на новите водостопанства.

**Член 123**

Основачкиот капитал на водостопанствата од членот 122 на овој закон е државниот имот на правните субјекти од членот 170 од Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" број 4/98 и 19/2000) и државниот имот со кој стопанисуваат јавните претпријатија од обласа на водостопанството.

**Член 124**

Водостопанствата можат врз основа на актите за организација и систематизација да преземаат вработени од јавните претпријатија од областа на водостопанството, постојните водостопански претпријатија, други правни лица и деловите од претпријатијата што вршат водостопанска дејност.

На другите вработени во јавните претпријатија од областа на водостопанството, постојните водостопански претпријатија, други правни лица и деловите од претпријатијата што вршат водостопанска дејност им престанува работниот однос со денот на престанувањето на работата односно со денот на ликвидацијата, и ги остваруваат своите права согласно со Законот за работните односи и Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

**Член 125**

До отпочнување со работата на водостопанствата од членот 122 на овој закон, согласно со овој закон, дејноста од областа на водостопанството ја вршат постојните водостопански претпријатија.

**Член 126**

Со денот на отпочнувањето со работа на водостопанствата и донесувањето на одлуката на Владата на Република Македонија за престанок со работа на постојните јавни претпријатија од областа на водостопанството, овие субјекти престануваат со работа.

Постојните водостопански претпријатија, други правни лица и делови од претпријатијата што вршат водостопанска дејност престануваат со работа со денот на влегувањето во сила на овој закон. Во периодот по престанувањето со работата до денот на бришењето од соодветниот регистар, овие субјекти ги извршуваат само нужните работи за функционирање на хидросистемите и нивно одржување.

Постапката за ликвидација на субјектите од ставот 2 на овој член се спроведува по предлог на Владата на Република Македонија и според одредбите од членовите 112 до 117 на овој закон.

**Член 127**

Побарувањата на доверителите на јавните претпријатија од областа на водостопанството, постојните водостопански претпријатија, други правни лица и деловите од претпријатијата што вршат водостопанска дејност се намируваат од ликвидациониот имот.

**Член 128**

Доколку во моментот на составување на предлогот за основање на водостопанството од членот 91 на овој закон, на подрачјето на

дејствувањето на водостопанството нема формирано или бројот на водните заедници е недоволен, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство предлогот за времен избор – именување на лицата за членови во првиот одбор од претставници на корисниците на вода за наводнување го утврдува од и меѓу лицата предложени од единиците на локалната самоуправа од географските области од членот 26 на овој закон.
По една година од формирањето на водостопанството, водните заедници во рамките на секоја географска област имаат право да изберат секоја по еден или повеќе претставници за членови во одборот за места определени за таа географска област кои членови ги заменуваат времено назначените членови од првиот одбор. Изборот ќе биде согласно со членот 26 на овој закон. Оваа постапка ќе биде повторувана секоја година до третата година од формирањето на водостопанството.

**Член 129**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".